Датум: ______________ - - - - - - - - - - - - - - - - - - Име и презиме: ______________________________

**Наставен лист**

Текстуални задачи со равенки

1. На кој број треба да се додаде бројот 76 за да го добиеме бројот 84?

2. Илија замислил еден број. Кон тој број го додал бројот 68 и го добил бројот 85. Кој број го замислил Илија?

3. Задругата купила 15 нови трактори, така што сега има 36. Колку трактори имала задругата пред да ги купи новите трактори?

4. Сафет замислил еден број. Тој број го зголемил за збирот на броевите 21 и 36 и го добил бројот 60. Кој број го замислил Сафет?

5. Во еден автобус влегле 22 патници, а се симнале 7 патници. Колку патници имало во автобусот ако патувањето го продолжиле 42 патници?

6. Мирко од Иво добил 52 црвени џамлии и 16 сини џамлии. Колку џамлии имал Мирко на почетокот, ако сега има 78 џамлии?

7. Од кој број треба да се одземе бројот 45 за да го добиеме бројот 19?

8. Ана замислила еден број. Од тој број го одземала бројот 11 и го добила бројот 85. Кој број го замислила Ана?

9. Од ѕидот на купатилото отпаднале 18 плочки. Колку плочки имало на ѕидот, ако сега има 69?

10. Од кој број треба да се одземе збирот на броевите 17 и 28 за да се добие бројот 33?

11. Иван на Јетон му подарил 18 сликички, а на Ариф 17 сликички. Колку сликички имал Иван на почетокот, ако му преостанале 19 сликички?

12. Во расадникот се подготвени 53 садници. Една група зела дел од садниците. Колку садници зела групата, ако за извидниците останале 27 садници?

13. Владимир имал 52 цедиња со музика. Откако на Јанко му дал неколку, му останале 33. Колку цедиња Владимир му дал на Јанко?

14. Маратонската трка ја започнале 46 момчиња и 25 девојчиња. Колку натпреварувачи се откажале во текот на трката ако на целта стасале 39 натпреварувачи?

15. Мерсиха имала 100 денари. Купила тетратка за 26 денари. Откако купила боички ѝ останале 12 денари. Колку денари платила за боичките?

16. Мира и Милан собирале овошје. Мира собрала 29 јаболка и 35 круши, а Милан собрал 23 јаболка и 39 круши.

а) Колку парчиња овошје собрала Мира?

б) Колку парчиња собрал Милан?

в) Колку јаболка собрал Милан помалку од Мира?

г) Колку круши собрал Милан повеќе од Мира?

Родител ............................ Наставник ............................